РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-856/1

23-02-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава на подносителот -------- --------------- од ----------, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на продолжението на 46-та седница одржано на ден 19.02.2021 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-3118 од 2019 година,оформен по пријава број 12-3118/1 од 13.06.2019 година доставена до ДКСК од подносителот -------- --------------- од ----------,, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-3118 од 2019 година, инцијативата покрената од страна на ДКСК е земена во предвид и од страна на органот кој е надлежен да постапува било донесено Решение за разрешување на пријавеното лице од вршител на должноста директор, со што е постигната целта на постапувањето на ДКСК по овој предмет.

Предметот со број 12-3118 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-3118 од 2019 година е оформен по пријава број 12-3118/1 од 13.06.2019 година, доставена до ДКСК од страна на подносителот -------- --------------- од ----------.

Добиената пријава содржи наводи за постоење на основано сомневање за злоупотреба на службената должност од страна на директорот на ЈЗУ Здравствен дом --------, -------- --------, во врска со донесување на одлука за необјавување оглас за специјализација, како и со управувањето со финансиските и со човечките ресурси.

По разгледување на наводите во доставената пријава и приложената документација од страна на подносителот на пријавата, Државната комисија утврдена е следната фактичка состојба:

- Од страна на Владата на РСМ, на седница одржана на ден 11.09.2018 година била донесена Програма за изменување на Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи (2015 – 2018) и истата била објавена во Службен весник на РМ број ----/2018.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

- Универзитетот „-------- ----- --------" ----------- ---------- ---------, врз основа на Законот за здравствена заштита и согласно донесената Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи, распишал Оглас за одобрување на специјализации и истиот бил објавен во дневните весници на ден 18.12.2018 година. Овој оглас бил распишан за доделување на специјализации од областа на стоматологијата на здравствени работници вработени во јавни здравствени установи, меѓу кои имало и предвиден број на специјализации за здравствени работници вработени во ЈЗУ Здравствен дом --------.

- Во врска со објавениот Оглас, подносителот на пријавата, како вработен доктор во ЈЗУ Здравствен дом --------, поднел барање до оваа установа со кое побарал директорот и претседателот на ЈЗУ да го комплетираат неговото персонално досие, да изготват бодовна листа за селекција на кандидатите кои ги исполнуваат законски предвидените услови, да објават јавен или интерен оглас и да донесат одлука кој здравствен работник се упатува на специјализација, со цел да се запази рокот за поднесување на барање за одобрување на специјализациите до архивата на факултетот, а кој рок бил предвиден во објавениот оглас.

- На барањето поднесено од страна на подносителот на пријавата доставен му бил одговор од страна на директорот на ЈЗУ Здравствен дом -------- во кој подносителот се известува дека методологијата, критериумите и програмата од специјалистички и супспецијалистички кадри се утврдува согласно Законот за здравствена заштита и дека оваа јавна здравствена установа не била во можност да постапи согласно предвидените законски одредби затоа што имало законски пречки на постапувањето по истото. Како образложение за своето непостапување јавната здравствена установа наведува дека од нивна страна не била навреме завршена постапката за донесување на актите Правилник за внатрешна организација, Правилник за систематизација на работните места и План за вработување за 2018 година во ЈЗУ Здравствен дом --------, иако уште од почетокот на 2017 година било ургирано од страна на Министерството за здравство и Министерството за информатичко општество и администрација тоа да се направи во итна постапка, а кои акти биле потребни за да може установата да постапи согласно одредбите од Законот за здравствена заштита и Управниот одбор на здравствената установа да може да ја планира и да ја одобри Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи за 2018 година, како и да се донесат општите акти (интерен оглас, селекција, упатување во високообразовна установа) потребни за упатување на специјализации на вработените од оваа здравствена установа.

-ЈЗУ Здравствен дом ---------- не објавил интерен оглас односно, од страна на оваа установа не било поднесено барање за одобрување на специјализациите за здравствени работници во рокот за пријавување предвиден во распишаниот Оглас за одобрување на специјализации на Универзитетот „----- ------- -------" ---------- ---------- --------. Од необјавувањето на интерниот оглас лично бил засегнат и подносителот на пријавата, кој е вработен доктор во наведената Јавна здравствена установа.

- Подносителот на пријавата, незадоволен од постапувањето на директорот поднел претставка за случајот и до Државниот управен инспекторат на РСМ кој постапил по истата и по извршен вонреден инспекциски надзор во ЈЗУ Здравствен дом -----------, на ден 13.02.2019 година,

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

утврдил дека по објавениот оглас од Универзитетот „------ --------- --------- --------- --------- ------ на 18.12.2018 година за одобрување на специјализации меѓу кои и за ЈЗУ Здравствен дом ---------, било утврдено дека ЈЗУ Здравствен дом --------- не објавил интерен оглас за упатување на специјализации, поради немање обезбедени финансиски средства и дека за тоа дали институцијата ќе објави или нема да објави интерен оглас зависи од самата институција.

При вака утврдена фактичка состојба во предметниот случај и поради утврдената повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, врз основа на член 17 став 1 точка 4, член 24 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен весник на РСМ бр. 12/19) и член 42 од Деловникот за работа на Државната комисија, а во врска со член 63 став 1 и член 67 став 1 од истиот закон, ДКСК на седницата одржана на ден 12.08.2019 година донесе заклучок да поднесе иницијатива до Министерот за здравство како надлежен орган кој извршил именување, да поведе постапка за утврдување на одговорност на службеното лице лице -- ----- ----------- – директор на ЈЗУ „Здравствен дом" во ---------- односно, да поведе постапка за негово разрешување, согласно член 111 алинеја 1 точка 6) од Законот за здравствена заштита. Иницијативата на ДКСК е заведена под архивски број 12-3118/3 од 22.08.2019 година.

На ден 24.10.2019 година, добиено е известување од Министерот за здравство, со кое ДКСК се известува дека од страна на Министерот било донесено Решение, со број -------- од 14.10.2019 г., за разрешување на лицето ------- ---------- од вршител на должноста директор на ЈЗУ ЗД ----------, притоа имајќи ја предвид иницијативата на ДКСК, контактите со именуваниот и неговото барање од 10.10.2019 година доставено до министерот со кое тој барал да биде разрешен од ВД на оваа јавна здравствена установа. Воедно, од страна на Министерот за здравство бил именуван нов вршител на должност на предметната ЈЗУ.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, ДКСК констатира дека била земена предвид инцијативата за поведување на постапка за утврдување на одговорност на службеното лице во предметниот случај покрената од страна на ДКСК и од страна на органот кој е надлежен да постапува било донесено Решение за разрешување на пријавеното лице од вршител на должноста директор, со што **е** постигната целта на постапувањето на ДКСК по овој оформен предмет. Со оглед на констатираното, ДКСК оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметот се запира, а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**М-р Шемши Салаи**

Доставено до : Архива и Подносител
По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц, советник
Одобрил: Б.И, Претседател на ДКСК